**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-378
21.08. **2019 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 92 став 3 од истиот Закон и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-3646/1 од 22.07.2019 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку половина од законскиот минимум програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела во периодот од 07:00 до 19:00 часот, од страна на Трговско Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 30-та седница одржана на 19.08.2019 година согласно Заклучокот бр.02-3945/14 од 19.08.2019 година, го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), на начин што Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, на 6 јуни 2019 година, во рамките на својот телевизиски програмски сервис, половина од законскиот минимум за емитување на изворно создадена програма во Република Северна Македонија на албански и на турски јазик (2 часа 58 минути и 7 секунди) не го емитуваше во периодот од 07:00 до 19:00 часот односно емитуваше 2 часа 36 минути и 49 секунди изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела што е за 21 минута и 18 секунди помалку од законскиот минимум што радиодифузерот е должен да го емитува.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3646/1 од 22.07.2019 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 22 јули 2019 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 6-ти јуни 2019 година, на регионално ниво, при што констатираше прекршување на членот 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено, со надзорот констатирано е дека на ТРД ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, на 6 јуни 2019 година, во рамките на својот телевизиски програмски сервис, половина од законскиот минимум за емитување на изворно создадена програма во Република Северна Македонија на албански и на турски јазик (2 часа 58 минути и 7 секунди) не го емитуваше во периодот од 07:00 до 19:00 часот односно емитуваше 2 часа 36 минути и 49 секунди изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела што е за 21 минута и 18 секунди помалку од законскиот минимум што радиодифузерот е должен да го емитува.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3646/1 од 22.07.2019 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, испрати Допис наш арх.бр.03-378 од 24.07.2019 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3646/1 од 22.07.2019 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави појаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги._Во предвидениот рок, ТРД ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Советот на Агенцијата на 30-та седница одржана на 19.08.2019 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 92 став 3 од истиот Закон и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-3646/1 од 22.07.2019 година, поради констатирано непочитување на одредбите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 30-та седница одржана на 19.08.2019 година согласно Заклучокот бр.02-3945/14 од 19.08.2019 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје и му се наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По

истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3646/1 од 22.07.2019 година.

**Доставено до:**
- Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 22-07-2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësia org. | Број / Numër | Прилог / Shtesë | Вредност / Vlerë |
| 10 | 3646 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 6 јуни 2019 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 22 јули 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на регионално ниво се должни да емитуваат најмалку 8 часа дневно програма на телевизија);

- **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.)

6. **Претходно изречена мерка:**
   - Нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 6 јуни 2019 година, на регионално ниво, **констатирано е прекршување на член 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од законскиот минимум (од 30%) програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела дневно, да ја емитуваат во периодот од 7,00 до 19,00 часот).

Со надзорот е констатирано дека на 6 јуни 2019 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, емитуваше 6 часа 16 минути и 14 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е **31.69%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (19 часа 47 минути и 24 секунди).

Половина од законскиот минимум (од 05:56:13) е 2 часа 58 минути и 7 секунди изворно создадена програма во РСМ на албански и на турски јазик, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 2 часа 36 минути и 49 секунди изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, што во оваа ситуација е за 21 минута и 18 секунди помалку од потребниот минимум.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, на 6 јуни 2019 година, не емитуваше најмалку половина од законскиот минимум изворно создадената програма како македонски аудиовизуелни дела во периодот од 7:00 до 19:00 часот.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***